# Склучен меморандум за соработка помеѓу Агенцијата за пошти и Комисијата за заштита на конкуренцијата

Агенцијата за пошти и Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК) на ден 17.10.2022 година склучија меморандум за соработка за реализирација на проекти и активности во областа на заштитата на конкуренцијата на пазарот на поштенските услуги.

Соработката помеѓу двете институции ќе има за цел унапредување и помагање во развојот на конкуренцијата на пазарот на поштенските услуги во Република Северна Македонија, поаѓајќи од значењето на овој пазар за економијата на државата, а особено од поволностите кои произлегуваат од конкуренцијата за крајните корисници.



